РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. ______________________

______________________ год.

СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОДБОР ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ
KËSHILLI PËR KORNIZËN NACIONALE TË KUALIFIKIMEVE
Бр.-Nr. 2112/76
03.11 2020 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 28.5.2020 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Квалификацијата **Техничар по ветеринарна медицина** се распоредува на ниво IV, во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **00074**

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 16.10.2020 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Техничар по ветеринарна медицина** со обем од 240 кредити, поднесена од страна на Министерството за образование и наука со барање бр. 12-11698/2 од 27.11.2018 година и утврди дека има предлог и позитивно мислење бр. 2110-9/2 од 28.10.2020 година од Секторската комисија за земјоделство, рибарство и ветеринарство, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива е со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво IV, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ
Борчо Алексов

Доставено до:
– **Одделение за Национална рамка на квалификации**

изготвил: Ивона Билинска
контролирал: Кети Костовска